**Триглав Осигурување АД**
бул. 8-ми Септември бр. 16
1000 Скопје

triglav

# Посебни услови за осигурување на прехранбени производи во замрзнувачи

ПУ-пзам
24-09-мк

**ВОВЕДНИ ОДРЕДБИ И ДЕФИНИЦИИ**

[1] Изразите употребени во овие услови го имаат следново значење:
**осигурител** – Триглав Осигурување АД, Скопје, друштво за осигурување со кое е склучен договор за осигурување;
**договарач на осигурување** – лице кое склучува договор за осигурување;
**осигуреник** – лице чиј имот и/или имотен интерес се осигурува;
**полиса** – документ за склучување на Договорот за осигурување;
**премија за осигурување** – паричен износ на средства кој договарачот на осигурувањето му го плаќа на осигурителот во согласност со Договорот за осигурување (во понатамошниот текст: премија);
**замрзнувач** – фрижидер (ладилник) или витрини за длабоко замрзнување на храна, обично под -18 °C;
**осигурен случај** – е иден, неизвесен и независен од волјата на осигуреникот настан врз основа на кој настануваат обврските на осигурителот од договорот за осигурување, односно настан предизвикан од осигурен ризик;
**надомест од осигурување** – износ кој го плаќа осигурителот врз основа на склучениот договор за осигурување;

[2] Овие услови се темелат врз Законот за облигационите односи, Законот за супервизија на осигурувањето, како и останатите подзаконски акти донесени врз основа на овие закони, и на соодветен начин се применуваат на договорот за осигурување којшто го склучуваат договарачот на осигурувањето и осигурителот.

[3] Општите услови се составен дел на понудата и договорот за осигурување што договарачот на осигурувањето, односно осигуреникот ќе го склучи со Триглав Осигурување АД, Скопје.

**член 1: осигурени ризици**

[1] Осигурувањето покрива, уништување или оштетување на осигурените предмети поради:
1) дефект на уредот за ладење, што предизвикува промена на условите за ладење;
2) дефект на уредот за ладење кој го предизвикува средството за ладење и
3) прекин на електрична енергија.

[2] Со осигурувањето не се покриени штетите предизвикани од:
1) природно расипување на прехранбените призводи, како и болести и мувла;
2) трајно или постепено дејство на разни влијанија, кои доведуваат до корозија и постепено делумно или целосно уништување на амбалажата и складираните прехранбени производи во овој поглед;
3) исушување или испарување на замрзнатите прехранбени производи;
4) најавена редукција во снабдување со електричната енергија од јавната електрична мрежа;
5) прекини на електрична енергија поради неплаќање на струјата.

[3] Осигурувањето покрива само материјална штета предизвикана на осигурените прехранбени производи поради осигурената опасност, но не и други индиректни штети или загуби поради настанување на осигурениот случај.

**член 2: предмет на осигурување**

[1] Предмет на осигурување можат да бидат прехранбените производи и нивната амбалажа, складирани во замрзнувачи, кои не се постари од рокот назначен на амбалажата како рок на чување.

**член 3: вредност на осигурените предмети**

[1] Вредноста на осигурените предмети е:
1) за производи кои се набавени: набавната вредност, а ако пазарната вредност е пониска од набавната, тогаш пазарната вредност зголемена за трошоците за замрзнување и транспорт до местото на осигурување.
2) за производи од сопствено производство: производна вредност, а ако пазарната вредност е пониска од производната, тогаш пазарната вредност.

**член 4: пресметка на штета**

[1] Штетата покриена со осигурувањето се пресметува во случај на:
1) уништување – според осигурената вредност на прехранбените производи и нивната амбалажа при настанување на осигурениот случај;
2) оштетување или делумно губење на вредноста на прехранбените производи – според износот на разликата помеѓу вредноста на оштетените прехранбени производи пред и по настанувањето на осигурениот случај. Во секој случај, штетата е ограничена со пазарната вредност на денот на осигурениот настан, доколку таа е пониска од осигурената вредност.

[2] Остатоците од уништени или оштетени прехранбени производи остануваат кај осигуреникот и се пресметуваат по пазарната цена во моментот на настанувањето на осигурениот случај и според состојбата во која биле веднаш по осигурениот случај.

**член 5: надомест од осигурување**

[1] Осигурителот мора целосно да ја плати пресметаната штета, но најмногу до договорената осигурена сума на прв ризик.

[2] Износот што треба да го плати осигурителот се намалува за 15% задолжително учество во штета.

**член 6: примена на општи услови за осигурување на стока во ладилници**

[1] За осигурувањата склучени во согласност со овие посебни услови се применуваат и одредбите од Општи услови за осигурување на стока во ладилници, доколку не се во спротивност со овие посебни услови.

**член 7: влегување во сила**

[1] Овие посебни услови со назнака ПУ-пзам/24-09-мк влегуваат во сила со денот на нивното донесување, а ќе се применуваат од 1.10.2024 година